Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-663/4
01-11-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-663 од 14.10.2024 година, поднесена од ВМРО-ДПМНЕ за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-663 од 14.10.2024 година, поднесена од ВМРО-ДМПНЕ **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 14.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на ВМРО-ДПМНЕ против Ријад Шаќири, за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката беше поднесена во име на политичка партија, но истата не содржеше потпис и печат на одговорно лице, на 22.10.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја достави содржината на претставката со уреден печат и потпис на овластено лице за политичката партија. Во врска со наведеното барање за доуредување, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 30.10.2024 година беше испратен допис заведен под арх. бр. 08-663/3, со кој политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ја извести Комисијата дека наведената претставка за заштита од дискриминација не е поднесена од нивна страна, односно дека подносителот на истата не е овластено лице од политичката партија.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека предметната претставка е поднесена од непознат подносител, при што во истата не се наведени потребните податоци за да се смета за уредна согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имајќи го претходно наведеното во предвид, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
1.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено на:
- ВМРО-ДМПНЕ, плоштад ВМРО бр. 1, 1000 Скопје